**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на РС Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 04.01.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numer | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 11 | 28 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Програмскиот надзор се врши како:** <u>**вонреден**</u>

2. **Субјекти на надзорот:**

   2.1 Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово
   2.2 Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид
   2.3 Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа БИВ ПИРАМИДА ДОО с.Звегор Делчево
   2.4 Трговско радио дифузно друштво-оператор на кабловска мрежа ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци
   2.5 Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ-КТВ ОХРИД ДОО
   2.6 Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево
   2.7 Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица
   2.8 Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КАБЕЛ-Л-НЕТ с.Лабуништа Струга ДООЕЛ
   2.9 Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа КДС-КАБЕЛ НЕТ ДОО Прилеп
   2.10 Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово
   2.11 Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА - НЕТ ДОО Скопје
   2.12 Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО увоз-извоз Скопје
   2.13 Друштво за телекомуникации ПЕТ НЕТ ДОО Гевгелија
   2.14 Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица
   2.15 Друштво за меѓународна шпедиција, транспорт и трговија ТРАНШПЕД ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 4 јануари 2021 година

4 Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторите на јавни електронски комуникациски мрежи престанале да ги реемитуваат програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор (2017 – 2019) склучен помеѓу имателите на правата, ЗАМП и операторите, а чија важност беше заклучно со 31.12.2020 година.

5 **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека операторите престанале со реемитување на програмските сервиси кои беа регистрирани во Агенцијата врз основа на Генералниот лиценцен договор, а чија важност беше заклучно со 31.12.2020 година.